РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
-ГРАДОНАЧАЛНИК-
Бр. 0901-115/4
05.07.2022 год.

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ИНСПЕКЦИСКАТА СЛУЖБА (ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ПРИ ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ) за периодот: Јануари-Јуни 2022 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| Дел. Бр. | 0901-115/4 | Даниела Панева<br>[име и презиме] |
| Датум: | 05.07.2022. | Раководител на одделение за инспекциски надзор-Виш инспектор |
| Место: | Свети Николе (м.п.) | [потпис] |

## Резиме

[Резимето содржи кус приказ на сите поглавја од годишниот извештај, со приказ на најважните информации, прикажани на најмногу една страница.]

Врз основа на Законот за инспекциски надзор (Сл.Весник на РСМ бр.102/2019) член 35 од овој Закон, Раководителот на инспекциската служба донесува полу/годишен извештај за работа на одделението за инспекциски надзор при општина Свети Николе, односно најдоцна до 15 Јули за периодот Јануари-Јуни во тековната година, односно најдоцна до 15 Јануари за период Јули-Декември од предходната година, кој се објавува на веб страната на општината.

Во полугодишниот извештај се презентирани активностите на одделението за инспекциски надзор на општина Свети Николе за текот на првите шест месеци во 2022 година.Предвидени со програма активности се реализираа преку континуирано вршење на инспекциски надзор во областите кои се од надлежност на општина Свети Николе, во согласност со постоечката законска регулатива.

Инспекторите од одделението за инспекциски надзор при општина Свети Николе, во текот на периодот од првите шест месеци во тековната 2022 година ги извршуваше во континуитет следниве задачи:

-вршеа инспекциски надзори над спроведување и почитување на обврските утврдени со законот за инспекциски надзор и другите прописи, подзаконски акти и според законите од областите во кои се постапува.

- вршеа инспекциски надзор над спроведување и почитување на обврските утврдени со закон и други прописи и одлуките на Општина Свети Николе,

-донесуваше решенија врз основа на предходни направени инспекциски надзори

-вршеа анализа на одредени состојби во општината, во градот и руралните средини во општина Свети Николе

-соработуваа со Полициска станица Свети Николе, ОЈО, судство, Народен правобранител, Второстепена комисија , Агенција за администрација и други инситуции, органи и тела на локално и национално ниво

-соработуваа со Инспекциски Совет

-соработуваа со Градоначалникот и Советот на општина Свети Николе

-соработуваа со ревизорот на општина Свети Николе

- соработуваа со државниот управен инспекторат

- соработуваа со граѓански организации

-соработуваа со други инспекциски служби од ВПР и национално ниво

-и вршеа други работи според потребите, согласно материјалните закони и ЗИН.

## Управување со ризици

[Делот управување со ризици содржи преглед на остварените ризици за планирање на инспекцискиот надзор, начините на кои инспекциските служби ги надминувале предизвиците, како и евентуални промени во состојбите со проценетите ризици.]

Управување со ризиците во првите шест месеци од оваа година во однос на реализирање на тековните активности, за разлика од минатиот период поминат со многубројни предизвици од ковид состојба, немаше дополнителни ризици и негативни влијанија врз предвиденото спроведување на инспекциските надзори во општина Свети Николе.

Во координација на раководителот на одделението за инспекциски надзор со сите вработени инспектори, беше направена проценка на тековната состојба и се постапуваше според настанатите потреби, при што инспекциските вонредни надзори се вршеа според поднесените пријави односно барања од странки, според месечните планови, по дадени налози потпишани од раководителот и градоначалникот и според годишниот план наменет за инспекторите од одделението за инспекциски надзор за општина Свети Николе

## Организација и раководење

[Делот организација и раководење содржи кус приказ на промените и состојбите во инспекциските служби во однос на: (а) правниот статус, (б) раководството, (в) надлежностите, (г) организациската структура и (д) состојбата со човечките ресурси ресурси (структура на вработените, нови вработувања и пензионирања и број на инспектори кои вршеле инспекциски надзор, при што податоците се прикажуваат и во табеларен преглед во формат како во Табелите 1. и 2. подолу), и сл.]

Според член 26 од ЗИН, организацијата на инспекциските служби, во Општина Свети Николе е организирана како **организациска единица за инспекциски надзор во состав на општина Свети Николе како одделение за инспекциски надзор.**

Одделението за инспекциски надзор на општина Свети Николе е систематизирано со работни задачи во четири области: градежништво, комуналии, животна средина и патен сообраќај.

Во извештајниот период од првите шест месеци Јануари-Јуни 2022, нема промена на состојбата во однос на правниот статус, раководство, надлежност, организациска структура и човечки ресурси од последниот годишен извештај за минатата 2021 година.

**Организационата поставеност** според ситематизираните работни места и бројот на вработените инспектори во Одделението за инспекциски надзор моментално е задоволителна и соодветна според потребите на локалните жители на општина Свети Николе со цел ефикасно реализирање на работните задачи во областите за коишто се покриени во одделението.

Во Одделението за инспекциски надзор по систематизација утврдени се 6 работни места од кои 5 извршители се вработени. Позицијата Инспектор за патен сообраќај е празно место, но работните задачи за ова место не заостануваат и се реализираат тековно од страна на раководителот на одделението за инспекциски надзор, (во согласност со законот за превоз во патниот сообраќај и ЗИН) и според компетенциите за оваа позиција кои ги има раководителот, правник по вокација. Последното вработување во одделението беше јавен повик за самостоен испектор за животна средина и се реализираше во месец Мај 2021 година, истата позиција за период од една година под менторски процес од страна на раководителот-како ментор, лицето кандидат за инспектор, во текот на месец Април беше започната постапка за добивање на лиценца за инспектор. Кандидатот за инспектор во месец Мај 2022 година го полагаше и практичниот дел од испитот и успешно го положи со 81 бодови, а лиценцата за инспектор ја доби на 8 Јуни 2022 година, при што се здоби со звање: самостоен инспектор за животна средина. Според ЗИН, кандидатот за инспектор за тој временски период ( за овој извештаен период) не вршеше инспекциски надзори.

Од вработените инспектори, до крај на месец Јуни 2022 година, имаме вкупно 5 лиценцирани инспектори, сите се административни службеници со завршено високо образование и тоа:

**1.Раководител на оделение за инспекциски надзор-Виш инспектор, воедно лиценциран инспектор за патен сообраќај со бр.на службена легитимација 29-0001, (по вокација дипломиран правник)**
**2. Советник Инспектор за животна средина - 29-0002 (по вокација диа/архиртект)**
**3.Советник Комунален инспектор-29-0003 (по вокација социолог)**
**4. Советник Градежен инспектор-29-0004(по вокација градежник)**
**5. Самостоен инспектор за животна средина (во извештајниот период до 8 Јуни- кандидат за инспектор за животна средина) 29-0005(по вокација инжинер по логистика и животна средина)**

Одделението за инспекциски надзор, во овој извештаен период немаше соочувања со големи предизвици како што беше минатата година со состојбата во ковид пандемијата и затоа без поголеми пречки, континуирано ги вршеше своите работни надлежности согласно Законите во областите за кои се вработени.

1. **Раководителот на одделение за инспекциски надзор – Виш инспектор** во рамки на своите надлежности тековно ги остваруваше поставените цели :

Раководителот раководеше со одделението, развиваше и обединуваше политики во рамките на делокругот на одделението за инспекциски надзор, воедно ги координираше сите инспектори и водеше грижа за добиените барања од странки да бидат завршувани тековно и ефикасно. Раководителот на одделението беше воедно и ментор на кандидатот за самостоен инспектор за животна средина и во текот на целиот извештаен период го водеше менторскиот процес со кандидатот, помагаше во толкување на законската регулатива од областа на постапување и заедно со кандидатот за инспектор одеше на терен со цел покажување во пракса : вршење на

вонредни инспекциски надзори по службена должност или по поднесени барања од странки, како дел од програмата за менторство.

Како поставени работни задачи и обврски, раководителот на одделението за инспекциски надзор тековно за овој извештаен период ги извршуваше следните активности:

– Координација и давање стручна помош и совети во работењето на сите инспектори и кандидати за инспектори во одделението за инспекциски надзор;
– Грижа за стручното усовршување со посетување на обуки на вработените инспектори во оделението
– Спроведување на постапката за лиценцирање на кандидатот за инспектор;
– Грижа за работната дисциплина на вработените во одделението за инспекциски надзор;
– -Примање и распределување на сите предмети доставени до одедлението и доставување до одговорните инспектори по областа за која се бара постапување;
– Кординација на инспекторите според програмата/годишниот план за работа и месечните планови за работа на инспекторите во одделението за инспекциски надзор за тековната година;
– Спроведување на менторската програма за кандидатот за инспектор, вработен во одделението за инспекциски надзор;
– Подготовка на полугодишен извештај (извештај за напредокот во спроведувањето на програмата за работа на одделението) и негово постирање на web site на општина Свети Николе како јавен документ;
– Спроведување на процесот за оценување на инспекторите вработени во одделението за инспекциски надзор ;
– Давање на предлози за политики по начелни прашања од делокруг на одделението;
- Покренување на иницијативи за решавање на одделни прашања и проблеми во делокруг на одделението;

-Комуникација и остварување на заедничка соработка со другите институции/органи/граѓански организации;

- Спроведува вонредни инспекциски надзори по поднесени барања од граѓани и според потребите на општината во надлежност на одделението, а според квалификациите и како лиценциран инспектор за патен сообраќај, согласно член 58 став 3 точка 4 од ЗИН (миниум 35 % од месечното работно време , раководителот на оделението со Б4 врши вонредни инспекциски надзори), врши инспекциски надзори од областа на патниот сообраќај за која има компетентност и лиценца за инспектор, покрај областа во патниот сообраќај раководителот има направено 12 инспекциски надзори од кои 1 редовен надзор на општински линиски превоз и 12 вонредни на авто такси превоз, исто така заедно со другите инспектори од оделението: инспекторите за животна средина и инспекторот за комунални работи вршеше заеднички вонредни инспекциски надзори во областа животна средина и комуналии од кои 2 вонредни инспекциски надзори со комуналниот инспектор на ЈКП Комуналец и 3 вонредни инспекциски надзори во областа на животната средина. Вкупно инспекциски надзори во извештајниот период има 18 надзори.

- Раководителот вршеше други дополнителни активности поврзани со лиценцирање на авто такси компаниите и јавните превозници во патниот сообраќај и дополнителни

активности кои произлегуваа тековно како потреба за работа на инспекторите во одделението за инспекциски надзор на општина Свети Николе.

**2.Комуналниот инспектор** при општина Свети Николе вршеше надзори врз основа на утврдените надлежности со Законот за комунални дејности, Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување, Законот за јавна чистота, Законот за гробишта и погребални услуги, Законот за доведување на вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, а надзорот го врши во согласност со Законот за локалната самоуправа, Законот за инспекциски надзор, Законот за општата управна постапка, Законот за прекршоците и други законски и подзаконски акти.

Во рамките на своите надлежности комуналниот инспектор врши надзори на спроведувањето на одредбите од горецитираните закони.
Освен вршење на инспекциски надзори, комуналниот инспектор заедно со комуналниот редар, во овој годишен период ги има вршено и следниве работи: контрола над користењето на јавните површини за вршење дејност и редовни контроли по основ на склучени договори со други правни лица за вршење дејности на јавни површини во општина Свети Николе.

Сите извршени надзори на комуналниот инспектор (поради здравствени причини) се реализираа со придружба на комуналниот редар и во најголем број беа од превентивен карактер. Комуналниот инспектор има направено 8 вонредни инспекциски надзори , еден инспекциски надзор на јавното комунално претпријатие заеднички со раководителот и еден заеднички надзор со раководителот и инспекторот за животна средина. Во овој период има постапено по 5 предметни барања по основ на поднесени писмени барања од странки и кај субјектите на надзор е констатирано дека има 5 неправилности при вршење на работа, опоменати се и едуцирани субјектите на надзор, а врз основа на ЗИН реализирани се 5 контролни инспекциски надзори кај субјектите и преземени соодветни мерки. Додека кај 3 вонредни надзори не се утврдени неправилности. Комуналниот инспектор заедно со раководителот на оделението, а по налог на градоначалникот за конкретен предмет има направено еден заеднички инспекциски надзор во ЈКП Комуналец при што не е утврдена неправилност кај субјектот на надзор. Кај вториот заеднички инспекциски надзор по основ на иницијатива од граѓани за чистење на комунален отпад, на ЈКП комуналец и беше даден налог за постапување. Континуирано постапувано е и по службена должност, според редовните месечни планови, дадени од раководителот на оделението за кои не се утврдени неправилности во работењето на субјектите на надзор.
Комуналниот инспектор заедно со комуналниот редар имаат направено дополнително 10 записници за извршен увид на лице место согласно член 51 од ЗОУП, а согласно склучени договори за користење на јавни површини на правни субјекти со општина Свети Николе.

За овој извештаен период за поднесените барања за постапување, во оделението за инспекциски надзор немаме добиено забелешки од странки по основ на вршењето на инспекциски надзори од страна на комуналниот инспектор.

---

**3.Инспекторот за животна средина** врши инспекциски надзор врз основа на надлежните закони за животна средина како и прописите донесени врз основа на законите од областа на животната средина.

Во рамките на своите надлежности инспекторот за животна средина има постапувано со:

- инспекциски надзори над одредени состојби, согласно Законот за животна средина;
- Вонредни и контролни инспекциски надзори над примената на мерките за заштита од непријатни миризби во просторијата и околината каде што престојува и се движи човекот;
- Инспекциски надзори со цел утврдување дали е добиена потребна еколошка дозвола, утврдена со закон и да утврди дали е добиена дозвола за усогласување со оперативен план кога се работи со инсталација за која се издава потребна еколошка дозвола утврдена со закон;
- Примање на поднесоци (барања, предлози, пријави, приговори, молби, жалби и др.) со цел разгледување и одлучување по истите;
- Составување на записници и решенија за константирана состојба при инспекцискиот надзори;
- Поднесува барање за поведување прекршочна постапка согласно законот;
- Води евиденција за извршените надзори на субјектите на надзор;
- Повремено, според потребата од комбиниран надзор, а согласно Законот за инспекциски надзор,заедно со раководителот на одделението врши вонредни инспекциски надзори од областа на животната средина.

-подготвува регистар на извршени инспекциски надзори и друго.

Во првите шест месеци од 2022година, Инспекторот за животна средина има направено 18 вонредни инспекциски надзори и 1 контролен при кој се преземени дејствија согласно Законот за животна средина и ЗИН. Инспекторот постапува и превентивно со посета и известување до фирмите, во тековниот извештаен период има посетено 9 фирми за преглед на Б дозволи, постапува по усни и писмени барања за превенирање на ситуации од областа на животната средина. Инспекторот за животна средина, честопати, посебно за предмети кои се однесуваа за надзори во руралните средини, вршеше вонредни инспекциски надзори заедно со раководителот на одделението за инспекциски надзор, а исто така на тие надзори доаѓаше и кандидатот за инспектор за животна средина, при што последователно како пример се даваше задача на кандидатот сама да подготви записник и решение како пример за извршен инспекциски надзор. За овој извештаен период од странките кои имаат поднесено барања за постапувања по прашања поврзани со проблеми од областа на животната средина, немаме добиено забелешки за непостапување или незаконско вршење на инспекциски надзори од страна на инспекторот за животна средина.

Во областа за животна средина имаме вработено административен службеник на позиција самостоен инспектор за животна средина, кое лице до 8 Јуни 2022 година беше кандидат за инспектор. Ова лице пред крај на извештајниот период доби лиценца за вршење инспекциски надзори.

Во периодот како кандидат за инспектор, освен предвидените специјализираните обуки кои беа наменети за инспектори , посетуваше и други обуки и учествуваше на работни средби (на зум ) од областа за која има сега добиено лиценца-животна средина . До овој период се посветуваше со должно внимание на менторската програма и заедно со инспекторот за животна средина и менторот одеше на вонредни и контролни инспекциски надзори како практичено искуство. Воедно посетуваше обука за кандидати и инспектори, а до тој период како кандидат за инспектор вршеше надзорни посети заедно со менторот, раководител на одделението за инспекциски надзор и со помош

на раководителот се обидуваше да составува записници од инспекциските надзори. Во текот на менторскиот процес кандидатот з аинспектор посетуваше и обуки, форуми, едукативни работилници и тоа следните:

| Ден на одржана обука/работилница: | Организирано од: | Тема на обука |
|---|---|---|
| 31.03.2022 | Фондација Отворено Општество Македонија | Препораки за ревизија на Националната Стратегија(2012-2042) |
| 15.04.2022 | Фондација Отворено Општество Македонија | Препораки за подготовка и усвојување на нова Водостопанска основа на РСМ |
| 11.05.2022 | НВО Инфоцентар,Центар на заедница од Струга и Регионалнит центар за соработка Спектар од К.Паланка | Зајакнување на соработката меѓу Инспекцискиот совет и локалните инспектори |
| 18.05.2022 | Мулиеуконтакт Македонија | Индустриско загадување и управување со ризик |
| 06.06.2022 | Проект„ЕУ за општините" | Најдобра пракса за управување со комунален отпад |
| 09.06.2022 | МЖСП | Постапка и издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола |

**4.Градежен инспектор**

Обврска на инспекцијата за градежништво подразбира вршење на инспекциски надзор над законитоста при изработка на проектна документација за изработка на објекти од втора категорија, издавањето на одобрение и решение, градење и надзор над градби од втора категорија во Општина Свети Николе, согласно позитивни законски прописи и општи акти на Република Северна Македонија.

Работата на инспекторот треба да биде насочена во согласност со законските прописи и другите правни акти со кои се регулирани прашањата од сферата на изработката на проектната документација, издавање на одобрение и решение за градење, градењето и надзор надградби од втора категорија, како што се: Закон за градење, Закон за инспекциски надзор, Закон за општа управна постапка, Закон за прекршоци, Закон за постапување по преставки и предлози, Закон за локална самоуправа, Закон за административни службеници, Закон за меѓуопштинска соработка и др. Градежниот инпектор треба да врши контролирање на градежните одобренија и решенија, како и на дозволите на објектите кои се во тек на изградба, вршење и контрола дали поседуваат одобрение за градење или решение за градење, надзор врз објекти кои се градат без одобрение за градење или без решение за градење издадено од Одделението за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, како и на правните субјекти кои ги изведуваат градежните работи.

Позицијата градежен инспектор при Општина Свети Николе е потполнета од лице градежен инспектор кој е должен да постапува по службена должност, по месечни планови, по поднесени пријави и иницијативи од граѓани и други физички и правни

лица по основ на сторена повреда на Законот за градење, при изведба на објекти од втора категорија во Општина Свети Николе.

По овие основи, во периодот на овој полугодишен извештај се известува за работата на градежниот инспектор само за првите пет месеци, заклучно месец Мај, бидејќи во месец Јуни градежниот инспектор не беше на работа поради користење на стар годишен одмор . Од областа на градежништвото во одделението за инспекциски надзор имаме примено многубројни поднесоци /барања со основ за вршење на инспекцики надзори, но воедно имаме и многубројни поплаки од граѓаните поради лошата комуникација на градежниот инспектор со странките како и поради многубројните неправилности при вршење на инспекциски надзори. До одделението за инспекциски надзор имаме регистрирано многубројни усни и писмени жалби од подносители на барања поради ненавремени доставувања на запианици и решенија или недоставувања на записници за извршени инспекциски надзори како и поради лошиот однос со странките при вршењето на инспекцискиот надзор како аргументи, по кој основ ги добиваме жалбите од незадоволните граѓани. Врз основ на една од жалбените поднесоци од незадоволна странка поради неправилно постапување и недостава на записници, имавме најавено инспекциски надзор од државниот управен инспекторат, градежниот инспектор имаше инспекциски надзор од страна на државниот управен инспекторат, врз кој основ на кој доби писмена опомена за незаконско/неправилно вршење на инспекциски надзор во однос на постапката со пишување на записници. Согласно ЗИН, раководителот на оделението на крај на секој предходен месец како своја работна обврска прави месечни планови за секој нареден месец за сите инспектори од оделението и истите електронски ги доставува на сите вработени инспектори, во оделението, во посебни папки во мрежа, индивидуален месечен план за секој општински инспектор, во текот на извештајниот период градежниот инспектор, не постапуваше согласно месечните планови, единствено вршеше надзори врз основа на даден писмен налог за вршење инспекциски надзор.
Градежниот инспектор во текот на овој извештаен период, до раководителот на оделението има поднесено писмено известување ви табела за реализирани 18 вонредни инспекциски надзори и 7 контролни надзори, но истите не се дадени на увид да се утврди колку неправилности има во реализираните надзори .

**Патниот сообраќај** го регулира Раководителот на одделението за инспекциски надзор – Виш инспектор, со добиена лиценца за општински инспектор за патен сообраќај. Согласно член 58 став 3 од ЗИН, работните задачи на раководните инспектори задолжително вклучуваат вршење на инспекциски надзор и тоа за инспектори со ниво Б4-најмалку 35 % од месечното работно време.

Раководителот согласно материјалните закони може да врши теренски/инспекциски надзори од областа на патниот сообраќај за која има компетенции согласно: Законот за инспекциски надзор, Законот за превоз во патниот сообраќај и ЗОУП.

Инспекторот за патен собраќај се грижи за почитување на законските обврски на превозниците на општинскиот јавен превоз, го следи процесот околу лиценцирање на авто такси превозниците и општинскиот линиски превоз, води евиденција за издадени лиценци за вршење јавен превоз на патници во општина Свети Николе, како и за издадени сертификати за авто такси возачите.

До крај на месец Јуни на 2022година, општина Свети Николе има издадено 10 изводи од лиценци на авто такси превозници во општината и 10 лиценци за вршење општински/посебен линиски превоз.

Во текот на извештајниот временски период кај превозниците на јавниот превоз на патници, во општинскиот линиски превоз, беше направен еден (1) редовен инспекциски надзор на единствениот превозник за јавен превоз на патници "Циле транс", кој врши превоз на патници од шест рурални средини (Горобинци, Ерџелија, Мустафино, Кадрифаково, Црнилиште и Пеширово) до градот и при истиот инспекциски надзор, немаше утврдено пропусти. Додека кај автотакси возачите редовно се вршеа вонредни и контролни инспекциски надзори, самостојно или заеднички надзори со полициски службеници на кои со записници и решенија се констатираа неправилности при што последователно се постапуваше согласно ЗИН и Закон за патен сообраќај во јавниот превоз, а согласно преземените мерки беа времено одземени и три собраќајни дозволи на три возачи на авто такси без лиценци за вршење на авто такси превоз, вкупно инспекциски надзори за патен сообраќај, инспекторот има направено 13 инспекциски надзори.

Во извештајниот период беа спроведени заеднички вонредни инспекциски надзори од областа на патен сообраќај од страна на инспекторот за патен сообраќај , заедно со преставници од полициска станица (ПС) Свети Николе, по основ на поднесено барање за асистенција или по барање од ПС Свети Николе за учество во заедничко оперативна акција на МВР –Дозвола ( акциска контрола на сите возила кои вршат јавен превоз на патници. Акцијата беше спроведена на локалниот пат Свети Николе –Овче поле.) Во рамки на оваа акција беа утврдени 6 неправилности во работењето на субјектите на надзор: непочитување на член 52 став 1, вршителот на авто-такси превозот може да започне да ја врши дејноста откако ќе добие лиценца за авто такси превоз. Лиценцата гласи на име на превозникот и не може да се пренесува на друго лице. Беа преземени следните мерки: укажување за отстранување на неправилноста во рок од 8 дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето субјект на надзор и забрана за користење на возилото за авто такси превоз.

Табела

*Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во годината, по вид, возраст и звање*

| Вид | Инспектор за [патен сообраќај] | | | | | | Инспектор за [животна средина] | | | | | | Инспектор за [комуналии] | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | 1 | | | 1 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| В1 – советник инспектор | | | | | | 0 | | | | 1 | | 1 | | | | 1 | | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 2 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | 0 | | | 1 | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| В3 – помошник инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 0 | 4 |

*Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во годината, по вид, возраст и звање*

| Вид | Градежен Инспектор | | | | | | Инспектор за животна средина | | | | | | Комунален Инспектор | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | | | | | 1 | 1 | | | | 1 | | 1 | | | | 1 | | 1 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 3 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 3 |

*Табела 2 Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во годината*

| Вид | Инспектор за [животна средина] | | | Инспектор за [вид 2] | | | Инспектор за [вид n] | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. глав. инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

## Инспекциски надзор

[Делот инспекциски надзор содржи приказ на реализацијата на годишните и месечните планови за инспекциски надзор. Во овој дел се презентираат статистички информации и податоци во табеларен преглед во формат како во Табела 3. подолу.]

*Табела 3 Преглед на вкупниот број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во полугодието, по региони и општини*

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | Вардарски регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 1 | Велес | | | | 0 | 0 |
| 2 | Градско | | | | 0 | 0 |
| 3 | Демир Капија | | | | 0 | 0 |
| 4 | Кавадарци | | | | 0 | 0 |
| 5 | Лозово | | | | 0 | 0 |
| 6 | Неготино | | | | 0 | 0 |
| 7 | Росоман | | | | 0 | 0 |
| 8 | Свети Николе | 1 | 56 | 16 | 73 | 8 |
| 9 | Чашка | | | | 0 | 0 |
| | Источен регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 10 | Берово | | | | 0 | 0 |
| 11 | Виница | | | | 0 | 0 |
| 12 | Делчево | | | | 0 | 0 |
| 13 | Зрновци | | | | 0 | 0 |
| 14 | Карбинци | | | | 0 | 0 |
| 15 | Кочани | | | | 0 | 0 |
| 16 | Македонска Каменица | | | | 0 | 0 |
| 17 | Пехчево | | | | 0 | 0 |
| 18 | Пробиштип | | | | 0 | 0 |
| 19 | Чешиново | | | | 0 | 0 |
| 20 | Штип | | | | 0 | 0 |
| | Југозападен регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 21 | Вевчани | | | | 0 | 0 |
| 22 | Дебар | | | | 0 | 0 |
| 23 | Дебарца | | | | 0 | 0 |
| 24 | Кичево | | | | 0 | 0 |
| 25 | Македонски Брод | | | | 0 | 0 |
| 26 | Охрид | | | | 0 | 0 |
| 27 | Пласница | | | | 0 | 0 |
| 28 | Струга | | | | 0 | 0 |
| 29 | Центар Жупа | | | | 0 | 0 |
| | Југоисточен регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 30 | Богданци | | | | 0 | 0 |
| 31 | Босилово | | | | 0 | 0 |
| 32 | Валандово | | | | 0 | 0 |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 33 | Василево | | | | 0 | 0 |
| 34 | Гевгелија | | | | 0 | 0 |
| 35 | Дојран | | | | 0 | 0 |
| 36 | Конче | | | | 0 | 0 |
| 37 | Ново Село | | | | 0 | 0 |
| 38 | Радовиш | | | | 0 | 0 |
| 39 | Струмица | | | | 0 | 0 |
| | Пелагониски регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 40 | Битола | | | | 0 | 0 |
| 41 | Демир Хисар | | | | 0 | 0 |
| 42 | Долнени | | | | 0 | 0 |
| 43 | Кривогаштани | | | | 0 | 0 |
| 44 | Крушево | | | | 0 | 0 |
| 45 | Могила | | | | 0 | 0 |
| 46 | Новаци | | | | 0 | 0 |
| 47 | Прилеп | | | | 0 | 0 |
| 48 | Ресен | | | | 0 | 0 |
| | Полошки регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 49 | Боговиње | | | | 0 | 0 |
| 50 | Брвеница | | | | 0 | 0 |
| 51 | Врапчиште | | | | 0 | 0 |
| 52 | Гостивар | | | | 0 | 0 |
| 53 | Желино | | | | 0 | 0 |
| 54 | Јегуновце | | | | 0 | 0 |
| 55 | Маврово и Ростуша | | | | 0 | 0 |
| 56 | Теарце | | | | 0 | 0 |
| 57 | Тетово | | | | 0 | 0 |
| | Североисточен регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 58 | Кратово | | | | 0 | 0 |
| 59 | Крива Паланка | | | | 0 | 0 |
| 60 | Куманово | | | | 0 | 0 |
| 61 | Липково | | | | 0 | 0 |
| 62 | Ранковце | | | | 0 | 0 |
| 63 | Старо Нагоричане | | | | 0 | 0 |
| | Скопски регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 64 | Аеродром | | | | 0 | 0 |
| 65 | Арачиново | | | | 0 | 0 |
| 66 | Бутел | | | | 0 | 0 |
| 67 | Гази Баба | | | | 0 | 0 |
| 68 | Ѓорче Петров | | | | 0 | 0 |
| 69 | Зелениково | | | | 0 | 0 |
| 70 | Илинден | | | | 0 | 0 |
| 71 | Карпош | | | | 0 | 0 |
| 72 | Кисела Вода | | | | 0 | 0 |
| 73 | Петровец | | | | 0 | 0 |
| 74 | Сарај | | | | 0 | 0 |
| 75 | Сопиште | | | | 0 | 0 |
| 76 | Студеничани | | | | 0 | 0 |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 77 | Центар | | | | 0 | 0 |
| 78 | Чаир | | | | 0 | 0 |
| 79 | Чучер-Сандево | | | | 0 | 0 |
| 80 | Шуто Оризари | | | | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 0 | 15 | 15 | 30 | 9 |

## Обука на инспекторите и административните службеници

[Во делот обука на инспекторите и административните службеници се дава приказ на реализираните обуки на инспекторите, со аналитички осврт на спроведувањето на програмите за генерички и специјализирани обуки, поткрепено со табеларни и графички прикази.]

Во текот на извештајниот период од оделението за инспекциски надзор, сите вработени инспектори посетија еднодневна обука на 11.05.2022 одржана во Велес за сите инспектори од вардарско плански регион, организирана обука од граѓанското здружение НВО Инфоцентар и Центар на заедница од Струга и Регионалниот центар за соработка Спектар од К.Паланка на тема "Зајакнување на соработката меѓу Инспекцискиот совет и локалните инспектори".

Посебно дополнителни обуки за кандидатот за самостоен инспектор беа реализирани и други специјализирани обуки со цел постигнување позитивни резултати за ефикасна примена на законите од областа на животната средина преку вршење на инспекциски надзори. Во текот на постапката за лиценцирање , преку организирање и спроведување на програмските активности за пракса под менторство, кандидатот за инспектор се стекна со практично искуство и беше обучен за идно постапување со предмети преку инспекциски надзори. Со добивање на позитивна оцена од комисијата за полагање на практичен испит, преку спроведен процес со полагање на практичниот испит за инспектор, организиран од раководителот на оделението и предходно положен теоретски испит ( после посетата на интерактивната обука организирана од Инспекцискиот совет), кандидатот за инспектор на 8 Јуни 2022година се стекна со лиценца за инспектор за животна средина. Во текот на целиот извештаен период инспекторот следеше многубројни настани и работни средби организирани од соодветни органи или граѓански организации, како и он лајн обуки од животна средина.

## Буџет и финансирање

[Во делот буџет и финансирање наративно се презентираат ограничувањата кои произлегуваат од финансиските ресурси. Овој дел треба да ја илустрира потребата за дополнителни средства како и поткрепа и илустрација на остварените резултати во споредба со расположливи ресурси. Во табеларен преглед се дава и краток извештај за реализацијата на буџетот на инспекциските служби според главните категории на приходи и расходи (три цифри).]

Оделението за инспекциски надзор на општина Свети Николе, како и до сега нема предвидено во планот свои буџетски ставки за вршење на работа. За потребите за вршење на Инспекциски надзори, посебно во инспекциски надзори во руралните

средини заради потребата од користење на автомобил се користеше општинско возило. Сите реализирани патни трошоци за реализирани инспекциски надзори или посета на обуки се реализирани од  ставка на предвиден буџет за секторот за нормативно правни работи кој засега е задоволителен во однос на потребите произлезени од надзорните теренски посети и реализација на предвидените обуки, средби и слични активности од значење на одделението.

## Меѓународна соработка

[Во делот меѓународна соработка се прикажуваат информации за меѓународната соработка и размена на искуства и најдобри практики (активности за хармонизација со законодавството на ЕУ и придонес кон евро-интеграциските процеси)]

Меѓународна соработка одделението сеуште нема остварено , но затоа постои добра соработка меѓу инспекциските служби од другите општини и соработка со инспекторите на  национално ниво, а најчеста е  соработката со полициските служби на локално ниво.

## Други активности на инспекциската служба

[Во делот други активности на инспекциската служба се прикажуваат сите останати активности кои ги реализирале инспекциските служби, активности за зголемување на транспарентноста, употреба и надградби на ИТ системите, иновации во работењето, унапредување и воведување на нови процедури и листи за проверки, соработка со други институции.]

Според потребите на инспекциските служби како и според обврските од новиот ЗИН, се постапува согласно новите форми на записници, решенија како и чек листи за користење на редовен/вонреден инспекциски надзор.

## Заклучоци и препораки

[Во делот заклучоци и препораки се дава општа оценка на остварeноста на зацртаните цели и планови, како и конкретни и образложени препораки кои се однесуваат на инспекциските служби и на други институции.]

Според предвидените/планирани  активности во годишниот план за 2022 година, за овие први шест месеци се спроведени  активности во поголем дел од планираните, и континуирано се постапуваше по поднесените барања, а воедно, по потреба теренски надзори се правеа и  надвор од работното време.